Здружение на граѓани
Центар за граѓански комуникации
ЦГК
Бр. 0302-315/1
20.03.2023 год.
СКОПЈЕ

**До: Општина Крива Паланка**

# БАРАЊЕ

## за пристап до информации од јавен карактер

Од: **Здружение на граѓани Центар за граѓански комуникации, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)
Застапник / полномошник на барателот на информацијата: **Сабина Факиќ, бул. Кочо Рацин 26-1/2, 1000 Скопје, тел. (02) 3213-513, e-mail: center@ccc.org.mk**
(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот барам да ни ја достави следната информација од јавен карактер:

1. **План за интегритет;**
2. **Годишна антикорупциска програма (за последната година за која имате ваква програма) и**
3. **Интерна процедура за спроведување на постапките за јавна набавка и реализација на договорите за јавна набавка.**

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго---------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил**
- д) друго---------------------------------------------------------------------

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во **Скопје**
Датум: **20.03.2023 година**

Потпис:
_______________

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр.18-1534/3
27.03.2023 год.
Крива Паланка

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА Ф 8.5/1-3

Од одделение за правни и општи работи

До службено лице за посредување
со информации од јавен карактер

**Предмет: Доставување на информација од јавен карактер**
**Врска: број 18-1534/2, 21.03.2023.**

Почитувани,

Постапувајќи по вашето барање број 18-15342/2, 21.03.2023 со кое барате информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен Весник на Република Северна Македонија" бр. 101/ 2019), доставено од барателот здружение на граѓани Центар за граѓански Комуникации, Сабина Факиќ, ул.Кочо Рацин 26-1/2 , 1000 Скопје.

Во прилог ви ги доставуваме бараните информации во електронска форма и тоа:

**Прилог 1** - План за интегритет

**Прилог 2** - Годишна антикорупциска програма (за последната година за која имаме ваква програма) и

**Прилог 3** - Интерна процедура за спроведување на постапките за јавна набавка и реализација на договорите за јавна набавка.

Место и датум : 27.03.2023г.
Крива Паланка

Република Северна Македонија ... Крива Паланка

**Даниела Велоковска, Раководител на одделение за правни и општи работи, Општина Крива Паланка**

Поаѓајќи од заложбите за владеење на правото, обезбедување на одржлив економски и општествен развој, поттикнување на јавната доверба во локалните власти, целосно и непречено остварување на правата и слободите на граѓанитекако и поттикнување на нивното учество во носењето одлуки на локално ниво, единицата на локалната самоуправа ја усвојува следната:

**ПОЛИТИКА НА ИНТЕГРИТЕТ**

# I Цели опфат на Политиката на интегритет

Целта на оваа политика е да промовира интегритет на политичко и на административно ниво, како основа за поттикнување на етичко однесување, отпорност кон корупција, создавање на услови за општествен развој, учество на граѓаните во одлучувањето за локалните потреби и интереси и поголема доверба на граѓаните во ЕЛС.

Политиката на интегритет ги опфаќа органите на Единицата на локалната самоуправа (членките и членовите на Советот и Градоначалникот/Градоначалничката) и сите вработени во општинската администрација.

Во Единицата на локалната самоуправа не се толерира коруптивно однесување!

Корупцијата претставува сериозна закана за владеењето на правото, демократијата, човековите права и слободи, еднаквоста и социјалната правда, која го поткопува развојот и ја загрозува стабилноста на демократските институции, како и моралните основи на општеството.

Во Единицата на локалната самоуправа не се толерира која било друга форма на неетичко, казниво или друго незаконито однесување.

Единицата на локалната самоуправа се стреми кон развој на силна организациска структура и кохерентен систем за управување со интегритет.

Притоа, под поимот „интегритет" се подразбира законито, професионално, независно, непристрасно, етичко, одговорно, транспарентно и отчетно вршење на работи со кои службенителица го чуваат својот углед и угледот на единицата на локалната самоуправа, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба на граѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции на локално ниво.

Под поимот „корупција" се подразбира злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг.

## II Компоненти на Политиката на интегритет

1. Јавен интерес и спречување на корупцијатаи судирот на интереси
2. Професионално и етичко работење
3. Заштитено пријавување
4. Управување со човечки ресурси
5. Ефикасно економично и ефективно работење
6. Транспарентност, отчетност и партиципативност
7. Управување со квалитет
8. Еднакви можности на жените и мажите

### Јавен интерес и спречување на корупцијата и судирот на интереси

Во извршувањето на своите овластувања и должности,градоначалникот, членовите на Советот и сите вработени во општинската администрација ги почитуваат начелата на законитост, еднаквост и јавност, етичките норми и професионалните стандарди, без дискриминација или повластување на кој било и со целосно почитување на јавниот интерес.

Притоа, внимаваат да не се стават во состојба на судир на интереси и при извршувањето на јавните овластувања и должности не смеат да се раководат од лични, семејни, верски, партиски и етнички интереси, ниту од притисоци и ветувања од претпоставениот или од друго лице.

Каков било фактички, потенцијален или видлив, судир на интерес задолжително се пријавува кај лицето за интегритет, согласно насоките за спречување на судир на интереси.

Службените лица не примаат подароци, привилегии или погодности. Исклучоците од оваа забрана се утврдени со закон. Подароците, без разлика дали се примени или одбиени, а кои не било можно да се вратат, како и без разлика на нивната вредност, задолжително се евидентираат, а копија од листата од евиденцијата за примените подароци се доставува до Државната комисија за спречување на корупцијата, согласно закон.

### Професионално и етичко работење

Секој е должен во вршењето на функцијата, јавното овластување и службената должност да постапува совесно, стручно, одговорно, чесно, ефикасно и непристрасно.

Вработените во општинската администрација се придржуваат до Кодексот за административни службеници.

Градоначалникот/Градоначалничката и членките и членовите на Советот задолжително се придржуваат до највисоките етички стандарди, во согласност со закон и Етичкиот кодекс на локалните функционери, со цел заштита на јавниот интерес, чест и углед на јавната функција.

Етичките стандарди се применуваат во односите со колешките и колегите, со претпоставените и со странките, на работното место, но и во приватниот живот и во односите со јавноста.

## Заштитено пријавување

Укажувачите се колешки, колеги, граѓанки и граѓани за пример кои имаат исклучително важна улога за заштита на јавниот интерес, интегритетот и угледот на ЕЛС.

Единицата на локалната самоуправа обезбедува услови за заштитено внатрешно пријавување на разумни сомневања и сознанија дека е извршено, се извршуваили е веројатно дека ќе се изврши казниво или друго незаконито или недозволиво постапување со кое се повредува или загрозува јавниот интерес.

Единицата на локалната самоуправа ги охрабрува сите вработени, кандидатки и кандидати за вработување, волонтерки и волонтери, лица кои биле ангажирани за некоја работа, лица кои се или биле во деловен или друг однос со институцијата, како и лица кои користат или користеле услуги во институцијата, своите сознанија или сомнежи за казниво, неетичко или друго незаконито или недозволиво постапување во Единицата на локалната самоуправа да ги пријават кај овластеното лице за прием на пријави од укажувачи.

Единицата на локалната самоуправа постапува по пријавите согласно Правилникот за заштитено внатрешно пријавување во институциите во јавниот сектор (да се наведе правилникот/процедурата на единицата на локалната самоуправа доколку е усвоен). Притоа, општинската администрација е должна да ги информира потенцијалните укажувачи за процедурата за заштитено пријавување, законските одредби за заштите на укажувачи и за можноста за вршење заштитено пријавување до Државната комисија за спречување на корупцијата, Министерството за внатрешни работи, надлежното јавно обвинителство или Народниот правобранител.

Градоначалникот/градоначалничката и раководните структури преземаат мерки со кои се гарантираат доверливоста и заштитата на укажувачите.

## Управување со човечки ресурси

Интегритетот се промовира како дел од управувањето со човечки ресурси во единицата на локалната самоуправа. Позитивните примери на личен и професионален интегритет постојано се промовираат и наградуваат.

Раководните лица применуваат етичко лидерство, а идентификувањето и адресирањето на ризиците е дел од нивните работни задачи. Единицата на локалната самоуправа промовира отворена организациска култура каде слободно се дискутира за проблеми, етички дилеми, недостатоци и се обезбедуваат совети и насоки за нивно разрешување.

## Ефикасно, економично и ефективно работење

Единицата на локалната самоуправа се стреми кон рационално искористување на локалните ресурси, грижа за имотот и ресурсите и заштита и унапредување на животната средина. Буџетот на единицата на локалната самоуправа се носи и спроведува преку транспарентен и партиципативен процесво сите фази од буџетскиот циклус, со примена на буџетирање засновано на приоритети и родово одговорно буџетирање.

Единицата на локалната самоуправаспроведува систем на јавни набавки со кој се подигнува квалитетоти обемот на услугите кои ги испорачува до граѓаните, како и довербата на бизнис заедницата кон единицата на локалната самоуправа и нејзината администрација, во согласност со позитивните законски прописи.

## Транспарентност, отчетност и партиципативност

Единицата на локалната самоуправасе залага за транспарентно работење и редовно и навремено ја информира јавноста за својата работа преку својата интернет страница, општинскиот весник, прес конференции, соопштенија и други алатки.

Единицата на локалната самоуправа обезбедува брз и лесен пристап до информациите од јавен карактер. Расположливите информации проактивно се објавуваат на интернет страницата и редовно се ажурираат, во согласност со одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

Одлуките се носат преку отворени и инклузивни процеси на консултација на засегнатите страни и подлежат на механизмите на надзор и контрола.

При промовирање на културата на интегритет, Единицата на локалната самоуправасоработува со граѓанските организации, бизнис заедницата и другите засегнати страни.

## Управување со квалитет

Подобрување на услугите што им се нудат на граѓаните е врвен приоритет. Единицата на локалната самоуправа воспоставува систем на работење преку кој постојано се унапредува работењето и процесите, се намалуваат ризиците и трошоците, а се подобрува мотивираноста на вработените и се следат вкупните резултати од работењето.

Унапредувањето на испораката и подобрувањето на квалитетот на локалните услуги се врши преку одговорно планирање, управување и реализација на процесите и промовирање на култура на извонредност на јавната администрација, согласно меѓународниот стандард ИСО 9001, Заедничката рамка за процена – ЦАФ и други стандарди за квалитет во јавниот сектор.

### Еднакви можности на жените и мажите

Единицата на локалната самоуправа се стреми кон унапредување на родовата рамноправност во Советот и во општинската администрација и ја препознава важноста од доследно спроведување на обврските и одговорностите од Законот за еднакви можности на жените и мажите.

Политиките кои ги спроведува единицата на локалната самоуправа се родово сензитивни и настојуваат да обезбедат подеднаква видливост, еманципирање, одговорност и учество и на жените и на мажите во сите сфери од општествениот живот. Единицата на локалната самоуправа не толерира никаква директна и индиректна дискриминација врз основа на пол, ниту било каков облик на вербално, невербално или физичко сексуално или друг друг вид на вознемирување.

## IV Спроведување, следење и известување

### Управување со ризици од корупција

Единицата на локалната самоуправа воспоставува ефикасен систем на внатрешни контроли и ревизија согласно принципите на јавната внатрешна финансиска контрола. Управувањето со ризиците од корупција е важен дел од системското управување со ризици во рамките на тој систем.

Градоначалникот/градоначалничката и раководните структури на единицата на локалната самоуправа се одговорни за процена и отстранување на ризиците кои придонесуваат запојава на  корупција, проневера, измама, судир на интереси, користење влијанија и врски заради добивање повластен третман или билокоја друга форма на незаконско или неетичко однесување.

Раководителот на единицата за внатрешна ревизија го/ја советува градоначалникот/градоначалничката и сите раководни лица во единицата на локалната самоуправа за управувањето со ризик.

### Спроведување на Политиката на интегритет

Грижата за спроведување на Политиката на интегритетво Единицата на локалната самоуправа е индивидуална и колективна.

Градоначалникот и раководните структури се одговорни за воспоставување и спроведување на системот на интегритет, како и за нивна промоција преку своето лично однесување и со преземање мерки за колективна прифатеност на политиката на интегритет и придржување кон истата од страна на членовите во Советот иопштинската администрација.

Градоначалникот, членовите на Советот и сите вработени во општинската администрација се должни даго пријават секое казниво дело поврзано со корупција, како и секоја повреда на одредбите од Закон за спречување на корупцијата и судирот на интереси, за кои дознало во вршењето на својата должност, како и наводи или сомнежи за незаконско однесување или повреди на кодексот. Исто така, тие се

должни да пријават и доколку од нив се побара да постапат спротивно на Уставот, закон, кодекс или друг пропис.

За повреди на стандардите за интегритет се поведуваат  дисциплински, прекршочни или кривични постапки за утврдување одговорност во согласност со закон.

## Следење и известување

Единицата на локалната самоуправа редовно и навремено ја информира јавноста за случаите на повреда на етиката и интегритетот, преземените мерки и резултати, следејќи ги принципите на фер и соодветно постапување и заштита на приватноста и доверливоста.

Градоначалникот определува лице за интегритет  лице за интегритет кое дава совети и насокиво областа на етиката и интегритетот.

Единицата за локална самоуправа соработува со Државната комисија за спречување на корупцијата и други институции вклучени во превенција и борба против корупцијата.

12.04.2021год.
Крива Паланка

Градоначалник,
Општина Крива Паланка
Борјанчо Мицевски

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
www.krivapalanka.gov.mk

# Антикорупциска програма на Општина Крива Паланка со Акциски план за 2023 година

Корупцијата е глобален предизвик со кој се соочуваат сите земји, без оглед на нивниот степен на развиеност или државно уредување. Властите сè повеќе препознаваат дека корупцијата е сериозна пречка за ефективнoи ефикасно владеење, раст и стабилност, како и дека итно се потребни значителни чекори за справување со овој предизвик, на локално и на глобално ниво. Затоа, земјите развиваат закони, политики, методологии и програми со цел да го сузбијат овој феномен, да го искоренат од нивните системи и да обезбедат поквалитетен живот за нивните граѓани.

Како одговор на овој предизвик, како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, Општина Крива Паланка ја разви оваа Антикорупциска програма со конкретен Акциски план за спроведување, која има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, да придонесе кон нејзино искоренување и да спречи нејзина понатамошна појава, како и да обезбеди квалитетна, ефективна и ефикасна јавна служба, целосно ослободена од коруптивни практики, која ќе биде вистински сервис за сите граѓани.

## *Листа на поими*

**Корупција:** Законот за спречување судир на интереси ја дефинира корупцијата како „злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба заради остварување корист, директно или преку посредник, за себе или за друг“. Притоа, под овој поим се опфатени и поимите:

-пасивна корупција–намерно делување на службено лице, кое директно или преку посредник, бара или прима корист од каков било вид, за себе или за трето лице, или прифаќа ветување на ваква корист, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со своите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски и

-активна корупција-намерно делување на кое било лице кое директно или преку посредник, ветува или дава корист од каков било вид на службено лице, за него или за трето лице, со цел да делува или да се воздржува од делување во согласност со неговите обврски или да ги врши неговите надлежности спротивно на службените обврски.

**Јавен интерес:** иако не постои единствена законска формулација застапена во сите прописи, прифатеното толкување е дека под јавен интерес се подразбираат сите права и обврски на граѓаните и правните лица во државата кои како такви се утврдени и гарантирани со уставот и законите во една држава како и ратификуваните меѓународни договори. Притоа, јавниот интерес, онака како што е дефиниран во Законот за спречување судир на интереси, претставува „заштита на основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот на Република Северна Македонија, спречување наризиците за здравјето, одбраната и безбедноста, заштита на животната средина и на природата, заштита на сопственоста и на слободата на пазарот и претприемништвото,

владеење на правото и спречување на криминалот и корупцијата“.

**Приватен интерес:** материјален или нематеријален интерес на службеното лице што може да влијае врз неговото одлучување при вршењето на јавните овластувањаи должности.

**Судир на интереси:** состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности.

**Ризик од корупција:** кој било вид на внатрешна или надворешна слабост или постапка која претставува можност за појава на корупција во рамките на државни органи, јавни претпријатија и другиинституции од јавниот сектор и кој ги вклучува прашањата за судир на интереси, неспоивиотна функции, примање подароци и други нелегални плаќања, лобирање, недостаток на систем за заштита на укажувачи, измами, несоодветно користење на овластувањата, дискрециони овластувања, финансирање на политички партии и кампањи спротивно на закон, тргување или недозволено користење на информации, транспарентност на постапки и документи и други прашања од значење за интегритетот.

**Интегритет:** законито, независно, непристрасно, етичко, одговорно и транспарентно вршење на работи со кои службените лица го чуваат својот углед и угледот на институцијата во која се одговорно лице, односно се вработени, ги елиминираат ризиците и ги отстрануваат сомневањата во можноста од настанување и развој на корупција и со тоа обезбедуваат доверба кајграѓаните во вршењето на јавните функции и во работата на јавните институции.

**Непотизам:** во најширока смисла, се дефинира како „влијание на семејните и роднинските врски при донесување на одлуки за вработување и склучување на јавни (управни) договори (најчесто во постапките за јавни набавки и издавање на дозволи)“.

**Клиентелизам:** давање привилегии или придобивки на клиентот во замена за услуги, придобивки или во политички контекст, гласови.

**Кронизам:** најчесто опфаќа ситуации во кои се претпочитаат пријатели или соработници, без оглед на тоа колку се соодветни. Најголема веројатност за појава на кронизам има во контекст на именувања, но може да се појави и во која било инстанца кога се практикуваат дискреционите права.

***Вовед***

Како резултат на заложбите на Владата на Република Северна Македонија во борбата против корупцијата, Општина Крива Паланка ја разви оваа Антикорупциска програма, која има за цел да ги олесни напорите и заложбите во борбата против корупцијата, Составен дел на оваа програма е Акциски план во кој се утврденимерки и активностите кои Општина Крива Паланка ќе ги преземе во претстојниот период во однос на сите претходно идентификувани области, со цел да ги минимизира ризиците, да се справи со предизвиците и да ги отстрани слабостите, за да биде што подобар партнери сојузник во борбата против корупцијата и тоа преку точно утврдена динамика, одговорности и начин на известување.

Дополнително во овој документ е даден краток осврт на профилот на ЕЛС, нејзините надлежности, изготвени документи, како и целите за кои е изготвен документот. Понатаму, документот содржи и Анализа за ризичните области за корупција во рамките на делокругот на работењето, која всушност претставува наративен опис на моментална состојба и алатка за идентификување на предизвиците и слабостите.

Главен фокус во Антикорупциската програма со Акциски план на Општина Крива Паланка се става на два клучни аспекта:

-екстерен аспект: што може ЕЛС да направи на локално ниво за спречување на корупцијата и

-интерен аспект: кои мерки треба да ги преземе за да превенира и спречи корупција однатре, во самата ЕЛС.

## *Надлежности на ЕЛС*

**Општина Крива Паланка е надлежна за вршење на следните работи:**

❿ Урбанистичко (урбано и рурално) планирање, издавање на одобренија за градење на објекти од локално значење утврдени со Закон, уредување на просторот и уредување на градежното земјиште;

❿ Заштита на животната средина и природата, во смисла на преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето, заштита на природата, заштитата од бучава и нејонизирачко зрачење;

❿ Локален економски развој, во смисла на планирање на локалниот економски развој, утврдување на развојни и структурни приоритети, водење на локална економска политика, поддршка на развој на мали и средни претпријатија и на претприемништвото на локално ниво и во тој котекст учество во воспоставувањето и развојот на локалната мрежа на институции и агенции и промовирање на партнерство;

❿ Комунални дејности, во смисла на снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, одведување и пречистување на отпадни води, одведување и третман на атмосферски води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота, собирање, транспортирање и постапување со комунален цврст и технолошки отпад, уредување и организирање на јавниот локален превоз на патници, одржување на гробовите, гробиштата и давање погребални услуги, изградба, одржување, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици и други инфраструктурни објекти, регулирање на режимот на сообраќајот, изградба и одржување на улична сообраќајна сигнализација, изградба и одржување на јавен простор за паркирање, одстранување на непрописно паркирани возила, одстранување на хаварисани возила од јавните површини, изградба и одржување на пазари, чистење на оџаците, одржување и користење на паркови, зеленило, парк-шуми и рекреативни површини, регулација, одржување и користење на речните корита во урбанизирани делови, определување на имиња на улици, плоштади и други инфраструктурни објекти;

❿ Култура, во смисла на институционална и финансиска подршка на културните установи и проекти, негување на фолклорот, обичаите, старите занаети и слични културни вредности, организирање на културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво;

❿ Спорт и рекреација, во смисла на развој на масовен спорт и рекреативни активности, организирање на спортски приредби и манифестации, одржување и изградба на објекти за спорт, како и поддршка на спортски сојузи;

❿ Социјална заштита и заштита на деца, во смисла на финансирање, инвестиции, одржување и сопственост на детски градинки и домови за стари, остварување на социјална грижа за инвалидни лица, деца без родители и родителска грижа со воспитно-социјални проблеми, со посебни потреби, од еднородителски семејства како и деца од улица, лица изложени на социјален ризик, засегнати со злоупотреба на дрога и алкохол, подигање на свеста на населението, домување на лица со социјален ризик, остварување на право и воспитување на деца од предучилишна возраст;

❿ Образование, во смисла на основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта во соработка со централната власт, во согласност со закон, како и организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови;

❿ Здравствена заштита, во смисла на управување со мрежата на јавни здравствени организации и објекти од примарна здравствена заштита во кои општината е застапена во сите одбори на сите здравствени организации во јавна сопственост, здравствено воспитување, унапредување на здравјето, превентивни активности, заштита на здравјето на работниците и заштита при работа, здравствен надзор на животната средина, надзор над заразните болести, помош на пациенти со специјални потреби и други области определени

со закон;
- Спроведување на подготовки и преземање мерки за заштита и спасување на граѓаните и материјални добра од воени разурнувања, природни непогоди и други несреќи и од последици предизвикани од нив;
- Противпожарна заштита вршена од територијалната противпожарна единица;
- Надзор над вршењето на работи од надлежност на општината;
- Други работи определени со закон.

### *Стратегии, планови и програми*

Како дел од своите надлежности, Општина Крива Паланка има развиено повеќе стратегии, планови и програми за унапредување на општината и на администрацијата. Дел од стратегиите, плановите и програмите на ЕЛС вклучуваат:

- Социјален план на општина Крива Паланка 2021-2024
- Локален акциски план за родова рамноправност на Општина Крива Паланка 2021-2023
- Стратегија за управување на ризици на Општина Крива Паланка
- Стратегија за млади на Општина Крива Паланка 2019-2024
- Програма за млади на Општина Крива Паланка за 2023 година
- Годишен план за вработување за 2023 година
- Програма за изработка на урбанистички планови во Општината Крива Паланка за 2023 година
- Програма за уредување на градежно земјиште во Општина Крива Паланка за 2023 година
- Програма за зимско одржување на улиците, тротоарите и локалните патишта во општина Крива Паланка за 2022/2023
- Програма за изработка на техничка документација за режимот на сообраќај на улиците во општина Крива Паланка и нивна реализација
- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на еднаквите можности за 2023 година
- Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2023 година
- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на заштитата и спасувањето, противпожарната заштита и управување со кризи во 2023 година
- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата и културните манифестации за 2023 година
- Програма за локален економски развој на Општина Крива Паланка за 2023 година
- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на развојот на информатичко-комуникациската технологија за 2023 година
- Програма за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт за 2023 година
- Програма за изградба, реконструкција и одржување на мрежата за јавното осветлување во Општина Крива Паланка за 2023 година
- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалната патна мрежа во општина Крива Паланка за 2023 година
- Програма за одржување на јавна чистота во град Крива Паланка за 2023 година
- Програма за превентивна дезинсекција и дератизација во Општина Крива Паланка за 2023 година
- Програма за решавање на проблемот со кучиња скитници на подрачјето на Општина Крива Паланка за 2023 година
- Програма за управување со отпад на Општина Крива Паланка за 2023 година

- Програма за подигање и одржување на градско зеленило во Крива Паланка за 2023 година
- Програма на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2023 година
- Програма за изградба, реконструкција и одржување на локалната водоводна и канализациона мрежа во општината Крива Паланка за 2023 година
- Програма за социјална, детска и здравствена заштита за 2023 година

## *Цели на годишниот план за антикорупција*

Програмите и плановите за борба против корупцијата опфаќаат различни аспекти, од дефинирање на корупцијата, до што секој вработен може да стори за да ги идентификува и управува етичките дилеми и ризикот од корупција. Овој Антикорупциски план-програма се фокусира на утврдување конкретни мерки и активности за контрола и превенција на појавата на корупција.Таа претставува еден вид почетна анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето на Општина Крива Паланка, односно се труди за ги идентификува причините, условите и факторите кои ја овозможуваат корупцијата но едновремено преку акцискиот план се дава пресек на конкретно планирани активности и начинот на нивна операционализација со цел соодветна превенција и одговор на поставените цели во овој документ.

Имено, клучните проблеми и ризични фактори за појава на корупција и судир на интереси во општинската администрација и вработените во општината се однесуваат на:

- отсуството на систематизирани мерки за спречување на корупцијата;
- отсуството на проценка на ризикот од појава на корупција;
- отсуството на цврсти гаранции за спроведување на процедурите за работа;
- недостаток на јавна контрола врз работата на јавната администрација, што ги отвора вратите за различни форми на судир на интереси.

Можни ризици од корупција на вработените во Општина Крива Паланка се:

- судир на интереси;
- подароци и спонзорства;
- немање укажувачи, соработници на правдата, сведоци и лица кои работат на спречување на корупцијата;
- лоборање;
- назаконски барања.

Имајќи го предвид горенаведеното, овој Антикорупциски план-програмаима за цел да воспостави ефикасен систем на мерки и активности кои ќе овозможат превенција и борба со корупцијата како главен стратешки приоритет и да оствари неколку цели со кои значително ќе се намалат проблемите и ризичните фактори за појава на корупција:

- зголемување на нивото на одговорност и демонстрирана волја за борба против корупцијата;
- јакнење на интегритетот и отчетноста на раководството и вработените во ЕЛС, базирано на систем на вредности и критериуми за квалитет;
- почитување на законските прописи, на Етички кодекс на локалните функционери во Република Северна Македонија, како и на Кодексот за административни службеници;
- спроведување на надлежностите на ЕЛС на законски, транспарентен, етички, економичен, одговорен и ефективен начин;
- проактивна транспарентност, зајакната контрола и надзор во јавните набавки и во склучувањето договори;
- јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето;

- подигнување на јавната свест и спроведување антикорупциска едукација за вработените и градење личен и професионален интегритет;
- зајакнување на довербата на граѓаните во ЕЛС и мотивирање да пријават корупција.

***Анализа за ризични области за корупција во рамките на делокругот на работењето***

Проблемите и мерките во Акцискиот план-програма на Општина Крива Паланка се систематизирани во следните области:

**1. Управување со човечки ресурси**

Непристрасна, ефикасна, ефективна општинска администрација, која е независна од политичко влијание е еден од клучните делови во борбата против корупцијата. Општинската администрацијата и сите вработени во општината мора да работи на принципите на етичност и интегритет, а нејзините механизми за санкционирање на неетичкото и коруптивно однесување мора да се направат пофункционални.

За таа цела, а поаѓајќи од заложбите за владеење на правото, обезбедување на одржлив економски и општествен развој, поттикнување на јавната доверба во локалните власти, целосно и непречено остварување на правата и слободите на граѓаните, како и поттикнување на нивното учество во носењето одлуки на локално ниво, Општина Крива Паланка усвои декларација за **Политика на интегритет** со кој не се толерира коруптивно однесување од страна на градоначалникот, членовите на Советот и сите вработени во општинската администрација!

Согласно Акцискиот плана за 2023 година градоначалникот ќе определи лице за интегритет од редот на вработените, кое ќе обезбеди доверливо советување за прашања поврзани со етика и интегритет. Ова лице ќе биде обучено од страна на ДКСК. Една од задачите на ова лице ќе биде следење на спроведувањето на Политиката на интегритет и давање на предлози за подобрување.

Активното следење на спроведувањето на политиката на интегритет може да вклучува:
- Собирање и анализа на податоците за повреди на кодексот и утврдување на трендови, преку анализа на дисциплинските постапки;
- Мерење на запознаеноста на вработените и потребите за натамошна доедукација и поддршка, преку анкети со вработените, пополнување на прашалници пред и после обуките;
- Спроведување на истражување на јавното мислење и можност за пополнување на прашалници од страна на корисниците на услугите на ЕЛС.

ЕЛС ќе назначи и одговорно лице за прием на пријави доставени заради внатрешно пријавување (овластено лице). На овластеното лице ќе му бидат обезбедеби потребните услови за работа, кои пак ќе овозможат негова независност и непреченост во работата. Покрај тоа, ЕЛС ќе пропише процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците, заштита на личните и други податоци итн.

**2. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и процесот за управување со јавните финансии**

Преку процесот на јавни набавки во јавниот сектор, властите на локално ниво се под ризик од коруптивни практики заради остварување финансиски добивки. Затоа, со цел да се заштити јавниот интерес, да се добие најдобрата вредност за јавните трошоци, да се обезбеди фер конкуренција во постапките и правичен третман на понудувачите, неопходно е да се постигне највисоко ниво на транспарентност на процесите, зајакнување на капацитетите со квалификувани и обучени кадри за спроведување на јавните набавки, засилување на контролата врз спроведувањето на јавните набавки; зголемување на

ефикасноста во реализацијата на јавните набавки и зголемување на личниот интегритет на лицата вклучени во нивно спроведување.

Општина Крива Паланка ревносно го води процесот на управување со јавните финансии преку механизмите за буџетирање, распределба, трошење и отчетност. ЕЛС при спроведување на јавните набавки ги почитува начелата на економичност, ефикасност, конкуренција помеѓу економските оператори, транспарентност, еднаков третман на економските оператори и сразмерност. За оваа цел има донесено и интерен акт **Процедура за отпочнување и спроведување на постапки за јавни набавки и подготовка, склучување и реализација на договорите.**

Исто така отчетното управување со јавните финансии е од витално значење, а во таа насока ЕЛС ја препознава потребата од ажурно споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки.

**3. Јакнење на алатките за отчетност и транспарентност во работењето**

Во ера на голема достапност до различни извори на информации, како и на лесно достапни можности за пласирање информации или дезинформации, голема е можноста граѓаните да се здобијат со погрешни сознанија во однос на работата на ЕЛС, како и во однос на корупцијата и она што таа го претставува. Ова може да резултира со поткопување на довербата на граѓаните во ЕЛС, како и со помала можност да се идентификуваат и пријавуваат потенцијалните коруптивни практики.

Затоа, со цел да се зајакне довербата на граѓаните кон ЕЛС, Општина Крива Паланка, обезбедува пристап и можност на целокупната јавност да има увид во нејзиното работење. ЕЛС го овозможува ова преку транспарентно и навремено објавување на информации за нејзимата работа преку користење релевантни канали за информирање.

Општина Крива Паланка во овој сегмент е рангирана на високото трето место на транспарентни институции во Република Северна Македонија и продолжува и оваа година да ја зголемува својата транспарентност со планирање на нови активности и имплементација на истите. Притоа, ЕЛС континуирано ќе ги користи сите расположливи ресурси за информирање за да споделува информации и податоци во однос на корупцијата и мерките кои ги презема за да ја спречи нејзината појава.

На овој начин, Општина Крива Паланка ќе придонесе во борбата против корупцијата и ќе помогне во напорите за зголемување на свесноста на јавноста за корупцијата, земајќи предвид дека свесноста на јавноста за негативните ефекти на корупцијата е основен дел на која било ефективна стратегија за превенција на корупцијата. Со тоа, не само што ќе се споделуваат и обелоденуваат суштински информации за корупцијата, дотолку повеќе, на службениците и граѓаните ќе им се даде импулс за да се охрабрат да пријавуваат коруптивни практики или појави.

## Акциски план за 2023 година

**1. Управување со човечки ресурси**

Намалување на ризикот за корупција на вработените во однос на хоризонталните и вертикалните надлежности за креирање и имплементација на политиките за управување со човечките ресурси во општинската администрација, воведува внатрешни процедури со почитување на стандардите за квалитет, оптимизација на извршувањето на работните задачи на вработените и унапредување на соработката со сите засегнати страни.

| Реден број | Активност | Носител на активноста | Временска рамка |
|---|---|---|---|
| 1.1 | Интерен акт за постапување на службениците кон странките | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за правни и општи работи | Јануари-Јуни 2023 |
| 1.2 | Спроведување на обуки за вработените во ЕЛС за јакнење на свеста | Тело за управување со квалитет<br><br>Одделение за човечки ресурси | Јануари-Декември 2023 |
| 1.3 | Донесување Решение за назначување на лице одговорно за прашања од областа на етиката и интегритетот | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој | Јануари-Декември 2023 |
| 1.4 | Правилник за управување со ризик на корупција и судир на интереси за период од четири години | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за правни и општи работи | Јануари-Декември 2023 |
| 1.5 | Советување за управување со ризик на градоначалникот и раководните лица | Одделение за внатрешна ревизија | Јануари-Јуни 2023 |
| 1.6 | Донесување Решение за назначување на овластено лице за прием на пријави доставени зарди заштитено внатрешно пријавување | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Секретар | Јули-Декември 2023 |
| 1.7 | Процедура за прием на пријави од укажувачи, издвојување и обработка на податоците од пријавите и презаемање мерки за обезбедување на заштита на личните и другите податоци кои | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој | Јули-Декември 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | се однесуваат на укажувачи и пријави од укажувачи | Одделение за правни и општи работи | |
| 1.8 | Правилник за заштитетно внатрешно пријавување во Општина Крива Паланка | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за правни и општи работи | Јули-Декември 2023 |
| 1.9 | Запознавање на вработените со новите правилници, процедури и останата интерни акти | Тело за управување со квалитет | Јануари-Јуни 2023 |

**2. Зајакната контрола и надзор на јавни набавки и финансиско работење**

Трошењето на буџетот на ЕЛС е најчест извор на корупциски закани кои ЕЛС се обидува да ги митигира со стандардизирање на процесите за јавни набавки и зголемување на транспарентноста преку промовирање на користењето на системот за отворени финансии.

| **Реден број** | **Активност** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
|---|---|---|---|
| 2.1 | Контрола врз спроведувањето на јавните набавки - Анализа на јавните набавки од претходната финансиска година, со извештај за причините за нереализацијата и препораки за идните набавки | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за правни и општи работи<br><br>Секретар | Јануари-Јуни 2023 |
| 2.2 | Обука за јавни набавки за вработени во Одделението, како и лицата/членови во Комисии за јавни набавки | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Секретар | Јануари-Декември 2023 |
| 2.3 | Обука за интегритет во јавните набавки | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br>Секретар | Јануари-Декември 2023 |
| 2.4 | Споделување со јавноста на: годишниот буџет, извештаите за реализација на буџетите и завршните сметки | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој | Јануари-Декември 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Одделение за финансиски прашања | |
| **3. Поактивна транспарентност**<br><br>Транспарентно и навремено објавување суштински информации ја зголемуваат довербата на граѓаните во работата на ЕЛС, како и заложбите кои општината ги презема за да превенира корупттивни практики. Со тоа, на службениците и граѓаните им се дава импулс за да се охрабрат да пријавуваат корупттивни практики или појави. | | | |
| **Реден број** | **Активност** | **Носител на активноста** | **Временска рамка** |
| 3.1 | Јавно објавување на веб-страницата на ЕЛС на Политиката за интегритет, Политиката за управување со квалитет и Карти на услуги на Општина Крива Паланка | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | Јануари-Јуни 2023 |
| 3.2 | Јавно објавување на сите здруженија на граѓани и невладини организации кои добиле средства од ЕЛС | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | Јануари-Јуни 2023 |
| 3.3 | Анализа, попис и објава на движен имот на ЕЛС | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за правни и општи работи<br><br>Одделение за финансиски прашања | Јануари-Јуни 2023 |
| 3.4 | Анализа, попис и објава на недвижен имот на ЕЛС | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за правни и општи работи<br><br>Одделение за | Јули-Декември 2023 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | финансиски прашања | |
| 3.5 | Попис и објава на листа на моторни возила во сопственост на ЕЛС | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за правни и општи работи<br><br>Одделение за финансиски прашања | Јануари-Декември 2023 |
| 3.6 | Обуки на вработените за ЗСПИЈК | Тело за управување со квалитет<br><br>Одделение за човечки ресурси | Јануари-Декември 2023 |
| 3.7 | Јавно објавување на податоците за овластеното лице за прием на пријави доставени зарди заштитено внатрешно пријавување и лице одговорно за прашања од областа на етиката и интегритетот на веб-страницата на ЕЛС | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | Јануари-Декември 2023 |
| 3.8 | Анализа за можност од воведување на систем за електронско следење на сите поднесени предмети во ЕЛС | Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој<br><br>Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | Јануари-Декември 2023 |

19.12.2022 год.
Крива Паланка

Општина Крива Паланка
Градоначалник,
**Сашко Митовски**